**Обраќање на Заменик Министерот за одбрана, Тирон ЈАЈАГА,**
**по повод 27 години од основањето на SEDM,**
**24 години од основањето на SEEBRIG,**
**Свеченост по повод примопредавање на Секретаријатот од Софија со Секретаријатот од Букурешт во рамки на Иницијативата**
**и**
**Свеченост по повод примопредавање на должноста Командант на SEEBRIG меѓу БГ Евангелос Митроутсикос од Атина и БГ Билбил Битри од Тирана**

31 Август 2023 година, к. Боро Менков, Куманово

*Почитувани заменици министри,*
*Екселенции,*
*Генерали,*
*Дами и господа,*
*Драги колеги и пријатели,*

Ми претставува чест и задоволство да ве поздравам и да ви посакам пријатен престој во Република Северна Македонија.

Особено задоволство ми претставува што денес, во Куманово се присутни претставници од скоро сите земји од регионот, а посебно заради тоа што три соседни пријателски држави, заедно со Романија, директно се инволвирани во оваа свеченост.

Денес одбележуваме историја и традиција што трае 27 години од основањето на SEDM и 24 години од основањето на SEEBRIG.

Примопредавањето на претседавањето на SEDM иницијативата и примопредавањето на должноста Командант на SEEBRIG имаат значење за сите нас кои уште пред три декади се одлучивме дека ќе градиме мирен и стабилен регион со волја да помогнеме на другите во рамки на кооперативната безбедност во регионот и пошироко.

Би сакал да им се заблагодарам на претставниците од **Софија** кои беа дел од Секретаријатот на SEDM, за нивниот несебичен придонес во изминатите две

години, а на новиот Секретаријат на SEDM од **Букурешт** им посакувам многу успех во следните две години, со оглед на навистина амбициозната агенда.

Уште еднаш би сакал да упатам честитки до нашите романски пријатели и очекувам нивното мото „издржливост, посветеност, стабилност“, да биде во вистинска смисла одраз на SEDM иницијативата и начинот на кој и во иднина ќе ги здружиме напорите за заеднички да се справиме со современите предизвици.

Во оваа прилика, сакам да му оддадам признание на досегашниот командантот на SEEBRIG, бригадниот генерал Евангелос Митруцикос, за неговиот несебичен придонес и начинот на кој ја водеше Бригадата во изминатиот период. Бригадата не би била иста без неговото водство и посветеност. Искрено му благодарам и воедно, му посакувам, успешно извршување на новата должност во Вооружените сили на Армијата на Република **Грција**. Сигурен сум дека и во иднина ќе продолжи да го пренесува неговото знаење и искуство и да ја гради и зацврстува билатералната и регионалната воена соработка со земјите од соседството и регионот.

Истовремено, би сакал да му упатам најискрени честитки на Бригадниот генерал Билбил Битри од **Тирана**, по повод назначувањето за Командант на SEEBRIG со очекување да продолжи онаму каде неговиот претходник застана, да ја направи Бригадата повидлива и поангажирана во справување на заедничките предизвици за земјите од регионот.

Република Северна Македонија преку Министерството за одбрана и Армијата ќе продолжи со континуирана поддршка на Бригадата и сигурен сум дека под водството на Командантот Битри истата дополнително ќе ја унапредиме и заеднички ќе придонесеме за понатамошно развивање на одличните односи. Ви посакувам успех во исполнувањето на сериозните професионални задачи кои Ви претстојат, успех кој сум сигурен дека ќе дојде, со оглед на Вашето импресивно досегашно воено искуство во рамки на Армијата на Република **Албанија**.

*Почитувани присутни,*

Денес одбележуваме точно три години откако Штабот на SEEBRIG официјално почна да работи во Куманово и сакам да истакнам дека ми претставува чест што ќе бидеме домаќини на Командата на SEEBRIG и следните три години. Оваа обврска ние ја прифативме одговорно и со голема сериозност. Досега ги реализиравме сите активности кои се однесуваат на

поддршката на персоналот на SEEBRIG и членовите на нивните семејства и тоа ќе продолжиме да го правиме и во иднина.

40-тина претставници од шест НАТО армии работат заедно и придонесуваат кон глобалниот мир и безбедност, а SEEBRIG е и останува да биде инструмент на меѓусебно разбирање, соработка и продлабочување на довербата помеѓу Северна Македонија, Албанија, Бугарија, Грција, Романија и Турција. Се надевам во иднина бројката на држави ќе расте и ќе се зголемува и регионот ќе почувствува поголема и поширока меѓусебна доверба и взаемна посветеност.

*Почитувани пријатели,*

Цели 27 години SEDM и цели 24 години SEEBRIG се фактори за регионална стабилност и потврда дека заеднички можеме соодветно да одговориме на современите безбедносни предизвици.

Промените на безбедносното опкружување кои во моментов се случуваат во регионот и пошироко, а особено со руската агресија врз Украина, сајбер заканите, лажните вести, дезинформациите и елементарните непогоди и нè потсетуваат дека треба да размислуваме за развојна стратегија и соодветно прилагодување и менување со цел да бидеме пофункционални во справувањето со современите предизвици.

Сметам дека во рамките на SEDM иницијативата постојат огромни можности за унапредување на нашата заедничка соработка, кои се неопходни во современиот безбедносен контекст.

Совремието покажа дека безбедноста мора постојано да се гради и унапредува, а најдобриот начин тоа го направиме е да бидеме заедно, здружени и посветени. Регионалната соработка е витална за напредокот за нашите земји, бидејќи само со развивање на заеднички капацитети и способности можеме да ја зацврстиме нашата демократија и заедничките вредности кои го обликуваат нашето живеење.

Северна Македонија многу пати досега покажала дека цврсто верува во заедништвото и интеграциите. Во континуитет сме вклучени во сите регионални иницијативи на Југоисточна Европа и активно придонесуваме во развојот на пријателски односи со сите земји во регионот.

За иднината на нашиот регион најважно е сите да бидеме посветени и упорни во зацврстувањето на стабилноста, помирувањето и промовирањето на меѓусебното разбирање и политичкиот дијалог, доброто владеење, владеење на правото и почитувањето на човековите права.

Убеден сум дека земјите од SEDM и SEEBRIG можат да ја зголемат својата посветеност за практично извршување операции за поддршка на мирот и стабилноста во рамки на соработката со НАТО, ЕУ, ООН и ОБСЕ. Да ја реафирмираме политиката на „Отворени врати“, и заеднички да дадеме поддршка на Молдавија, Украина, Грузија и на земјите од Западниот Балкан на нивниот пат кон целосна европска интеграција.

Благодарност до Командата на SEEBRIG за гостопримството и одличната организација на овој настан. Благодарност и до нашите сојузници и пријатели од регионот, со кои заеднички ја јакнеме регионална стабилност и безбедносна соработка, промовираме меѓусебно разбирање, политички дијалог и почитување на човековите права.

Ви благодарам.